„Нашата цел е Акцискиот план да биде **фокусиран, насочен кон иновативни мерки**, да не е гломазен и со голем број различни мерки и цели, за да може **имплементацијата да биде конкретна, мерлива и целосна“**, рече **Дамјан Манчевски**, Министер за информатичко општество и администрација (МИОА), на отворањето на дводневната конференција **„Отворено владино партнерство – дијалог со граѓанските организации за Националниот акциски план 2018-2020"**. Тој најави дека **МИОА работи на отворање на податоците** кои произлегуваат од работата на државните институции, со што тие ќе станат лесно достапни до заинтересираните страни, а **во август годинава ќе се пушти во употреба и нов портал за отворени податоци**.




Н.Е. **Микаела Швајзер- Блум**, Заменик Амбасадор на САД во Македонија, говореше за позитивните примери на отворено владино партнерство во САД и зголемените очекувања од страна на граѓаните по прашањето на вклученост во процесот на донесување одлуки. „Отворена Влада е добра за државниот буџет бидејќи **зголемената транспарентност ја намалува корупцијата**. Таа е добра и за бизнисот, бидејќи со објавување на повеќе актуелни податоци од страна на Владата **може да се јават нови можности за бизнисите**. Но, таа **пред сè е добра за граѓаните**. Кога младите ќе видат транспарентна Влада, тие гледаат можности; а кога ќе видат Влада спремна за соработка, тие ја гледаат нејзината вложеност во партнерството со граѓаните“, рече таа.

За покажаната отвореност на Владата која е дел од патот до интеграцијата во ЕУ говореше Никола Бертолини, раководител на секторот за соработка на Делегацијата на ЕУ во Македонија. „Она што оваа држава го постигна изминативе месеци е неверојатно. **Конечно имаме Совет за соработка со граѓанските организации, конечно граѓанското општество учествува на работилници кои ги засегаат секторските политики, па отвореното владино партнерство сега ги има своите најдобри денови.** Затоа топло ги поздравувам присутните и добредојдовте во дискусијата“, изјави тој.



Првиот ден ќе се дискутира за отвореното владино партнерство и напредокот и резултатите од спроведувањето на Националниот акциски план (НАП) 2014-2016.

Презентациите вториот ден ќе се однесуваат на Независниот извештај за прогресот 2016-2017 направен од Механизмот на независно известување, и искуствата и препораките за приоритизација и селекција на предложени заложби. Во текот на денот предвидена е и **работа во групи** што ќе им овозможи на **граѓанските организации (ГО) да дадат насоки и препораки за следниот акциски план**
за периодот 2018-2020.

Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) ја организира конференцијата **„Отворено владино партнерство – дијалог со граѓанските организации за Националниот акциски план 2018-2020"** со поддршка на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во рамки на проектот „Националниот ресурсен центар за граѓански организации”.

Националниот ресурсен центар за граѓански организации е проект финансиран од Европската Унија.